МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

### Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 31 август 2019 г.




**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| **МП** | **1** | **0** | **0%** |
| **МЗШВ** | **1** | **0** | **0%** |
| **МФ** | **3** | **3** | **100%** |
| **ВКУПНО** | **5** | **3** | **60%** |

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни извествувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

## Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР

## бр. 46

**кај 2 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**2 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен“ значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен“ значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на август биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.

Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 август 2019 г., до Собранието беа поднесени вкупно 8 предлог-закони од кои за 5 предлог-закони постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Три предлог-закони беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста. Рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај два предлог-закони, но статусот на ЕНЕР не е сменет во “Затворен” кај ниту еден предлог-закон. Останатите 3 предлог-закони немаат обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи се предложени од групи пратеници.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог-закон за медијација, предложен од **Министерство за правда,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за виното, предложен од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.** Предлог-законот кој што беше ставен на ЕНЕР но не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена е: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот предложен од **Министерство за финансии.**

Предлог-законите за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври – Еурокомпозит АД Прилеп; Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по договор за заем за развојни политики за јавни финансии и конкурентност предложени од **Министерство за финансии.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог- закон за медијација**


**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk


## Предлог- Закон за медијација

Со Предлог на Законот за медијација се креира поинаков систем на медијација во државата, систем кој што се темели на обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, што е неопходно со оглед на подготвеноста на Владата да ја помогне и унапреди медијацијата што како неминовност ја наметнува потребата да се креира систем кој ќе може да одговори на новите задолженија и општествени потреби.

Новина во законот е воведување на основни поими за медијација со кои се врши дефинирање на позначајните термини кои се употребуваат во Законот за медијација. Се пропишуваат видовите на медијација која е определена како доброволна, договорна и законски определена, а се уредува и можноста за медијација во прекуграничните спорови.

Како друга значајна новина, Законот пропишува дека Министерството за правда води централен електронски регистар за примените барања за медијација до кој што медијаторите ќе имаат пристап преку кој им овозможува директен внес на податоците по однос на барањата поднесени до нив. Се пропишува дека медијаторите се должни приемот на барањето веднаш да го внесат во Регистарот, и да продолжат со тековно внесување на сите потребни податоци заклучно со крајниот исход на постапката и дека министерот со правилник ја пропишува содржината и начинот на водењето на Регистарот. Со новиот начин на водење на Регистарот се очекува да се обезбедат целосни статистички податоци во однос на примената на медијацијата бидејќи се воведува должност на медијаторите да ги пријавуваат сите примени барања за медијација со што ќе се добие слика за вкупниот број на примени барања за медијација, за начинот на кој постапките се завршени и за бројот на постигнати спогодби за медијација имајќи предвид дека уписот во регистарот е услов за користење на субвенции од страна на медијаторите.

Новината во однос на постојниот закон е во начинот на пресметување на висината на износот на субвенциите со оглед на тоа што досега се субвенционираат првите четири часа за медијација. Имено со предлог законот се препишува дека државата субвенционира само една постапка за медијација меѓу исти страни за еден спорен однос во износ не повеќе од 4.000,00 денари по предмет од приложениот трошковник на медијаторот кој ги исполнил условите за субвенционирање.

Најголемите измени се во начинот на спроведувањето и полагањето на испитот за медијатори со оглед на тоа што наместо досегашниот концепт на електронско полагање на испитот се воведува полагање испит за медијатори еднаш годишно пред Испитна комисија формирана од Министерот за правда, во состав од 5 члена и нивните заменици, од редот на судии, професори од акредитирани универзитети во државата, и лиценцирани медијатори. Испитот се полага во два дела теоретски и практичен – студии на случај според програма за полагање и спроведување на испитот која ја донесува Министерот за правда.

Во поглед на условите за обучувач на медијатор се воведува новина со тоа што наместо 12 спроведени постапки за медијација како услов се бара лицата кои поднесуваат барање за издавање на лиценца за обучувач да имаат најмалку 20 постапки со склучени спогодби со цел да се влијае на професионалноста, квалитетот и искуството на обучувачите. Разработени се условите за акредитација на програми за обука на медијатори, видовите на акредитирани програми и времетраењето на обуките и тоа основна обука на медијатори во траење на 70 часа, обука на медијатори во специфични области во траење од 32 часа и обука на обучувачи на медијатори во траење од 32 часа, како и кругот на лицата кои можат да аплицираат за акредитација на програмата за обука на медијатори, што е многу значајно во однос на постоечкиот закон во кој воопшто не беше уредено ова прашање.

Новиот состав на Одборот како тело именувано од Владата, со големи надлежности за работите од областа на медијацијата и со свој Буџет одобрен од Владата би требало да создаде предуслови за успешно функционирање на Одборот кој е задолжен да ги следи, оценува и контролира активностите на полето на медијацијата.